СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

ул. Антон Попов бр. 1-4/5 Скопје
(02) 3246 851/852

Бр. 02-438/7
27.06 2020, Скопје

# З А П И С Н И К

от седмата седница на Собранието на СКМ одржана на ден 02.05.2020 година
преку платформата Zoom

На седмата седница на Собранието на СКМ, присуствуваа 45 членови.

На седницата присуствуваше претседателот на Извршниот одбор на СКМ д-р Мирлинд Селими и претседателот на Надзорниот одбор на СКМ д-р Ѓорѓи Топузоски.

На седницата оправдано не присуствуваа д-р Катерина Стаменковска,д-р Спасенија Ѓорѓиевска,д-р Арбен Емини, д-р Горан Мишевски и д-р Снежана Стојмановска.

На седницата своето отсуство не го најави д-р Маја Недева Шикова.

Седницата започна во 15.00 часот, а истата ја отвори претседателот на Собранието на СКМ д-р Оливер Манасиев со читање на предлог-дневниот ред.

Предложениот дневен ред, беше ставен на гласање, при што истиот беше едногласно усвоен и стана дневен ред со следниве точки

## ДНЕВЕН РЕД

1. Разгледување и усвојување на предлог - Правилник за составот на испитната комисија, начинот на полагање на стручниот испит, начинот на проверка на стручните знаења и вештини и обрасци на уверението за положен стручен испит на здравствени работници со високо образование од областа на стоматологијата

2.Разгледување и усвојување на предлог-финансиски извештај за работа на Комората за 2019 година

3. Разгледување и усвојување на предлог-финансиски план за 2020 година

4. Одговори на прашања на делегати на Собрание на СКМ до Претседателот на Комората, Претседателот на Собранието на Комората и Претседателот на ИО на Комората

5.Разно

По усвојувањето на дневниот ред, се премина кон разгледување на секоја од точките на дневниот ред.

1.Разгледување и усвојување на предлог - Правилник за составот на испитната комисија, начинот на полагање на стручниот испит, начинот на проверка на стручните знаења и вештини и обрасци на уверението за положен стручен испит на здравствени работници со високо образование од областа на стоматологијата

По однос на оваа точка, збор зеде д-р Чесноски кој истакна дека има неколку нејаснотии и предлози околу предлог – Правилникот и тоа:

1.Предлог -Во член 3 испитната комисија да се намали на 3 члена затоа што тој смета дека 5 члена се премногу.
2. Прашање – Која е улогата на правникот на Комората во учество на стручниот испит кога правниот дел не е вклучен во испитот?
3. Прашање по однос на член 4 -Како се формираат комисиите?
4. Предлог – Орган или тело на Комората да изготви листа на испитувачи кои ќе бидат пријавени на конкурс и истата листа кон крајот на секоја година да биде ажурирана.
5. Прашање по однос на член 13 - кои критериуми треба да ги исполнуваат одговорните за базата на податоци и нивно ажурирање?
6. Предлог по однос на член 13 – Комисијата што ќе биде формирана за база на прашања да биде формирана или од членови на Комисијата за стручни прашања или од членови на Извршниот одбор.
7. Прашање по однос на член 15 - како ќе се одредат овластените здравствени установи во кои ќе може да се полага практичниот дел од испитот, дали ќе има конкурс? И предлог, да се донесе соодветна одлука од орган или од тело на Комората за нив.
8. Предлог по однос на член 18 – примерок од записникот да се доставува и до кандидатот кој полагал испит без разлика дали успешно или неуспешно го поминал испитот.
9. Прашање по однос на член 19 – дали доколку студентот не го положи испитот ќе плаќа повторно?

Д-р Чесноски исто така го постави прашањето и дали овој предлог- Правилник е доставен до сите акредитирани високо-образовни институции и до Сојузот на студенти при стоматолошките факултети?

По однос на поставените прашања од страна на д-р Чесноски, збор зеде претседателот на СКМ, д-р Денковски кој истакна и одговори на д-р Чесноски дека разбира некој кој прв пат е делегат во собрание на Комора да не знае , но дека е недозволиво некој што е бил претседател на Собрание четири години да не ги познава актите на кој стои негов потпис да не го познава досегашниот правилник кој е од МЗ и му посочи најпрво да ги прочита актите на Комората од времето додека тој бил

претседател на собрание.. Д-р Денковски исто така му укажана на Др Чесноски дека морал да знае и чиј акт е бил досега Правилникот, како се одвивале испитите до сега и како се формирале и комисииите до сега.
Др Денковски исто така побара од Др чесноски да се сети дека веќе има објавен конкурс, јавен оглас за испитувачи кој е постојано отворен и дека и сега испитувачите се пријавуваат на истиот и дека се што е поврзано со испитите веќе е нормална и редовна практика. Др Денковски и прашањето за акредитирани установи од д-р Чесноски го смета за неумесно зошто Комората и за тоа да се сети др Чесноски како предходен претедател на собрание , но и член на ИО на Комора дека веќе неколку години има отворен конкурс, оглас за испитувачи додека прашањето за акредитирање на едукатори и акредитирани установи за кои Др круме поставува прашања Др Денковкски рече дека е неумесно со оглед дека и за тоа треба да знае зошто е бил и член на ИО на СКМ кога тој се распиал и дека уште сите конкурси постојано се отворени. По однос на прашањето за консултација на високо-образовни институции и Сојуз на студенти при стоматолошките факултети, д-р Денковски одговори дека во ниту еден Закон ниту пак Правилник пишува дека Комората во изготвување на овој Правилник треба да се консултира со нив. Во однос на второто прашање за правникот, д-р Денковски одговори дека ќе има и правен дел и веќе во подготовка е правилник и прирачник за правни прашања. Д-р Денковски истакна негов став и дека не се согласува испитната комисија да биде составена од тројца испитувачи.
По ова др Чесноски побара за некои прашања претседателот на Собранието да дозволи гласање , на што Др Манасиев рече дека по однос на прввиот предлог даден од страна на д-р Чесноски, околу бројот на испитувачи, веќе е разговарано и на седница на Извршен одбор и констатирано е да бидат поголем број на испитувачи за да се опфати целата материја.
По оваа дискусија, претседателот на Собранието на СКМ, д-р Манасиев без измени и дополнување го стави на гласање предлог – Правилникот за полагање на стручен испит.

> Членовите на Собранието со 33 гласа ЗА и 8 гласа воздржани го усвои Предлог - Правилникот за составот на испитната комисија, начинот на полагање на стручниот испит, начинот на проверка на стручните знаења и вештини и обрасци на уверението за положен стручен испит на здравствени работници со високо образование од областа на стоматологијата и истиот ќе биде даден на потпис кај Министерот за здравство на РСМ.

2. Разгледување и усвојување на предлог-финансиски извештај за работа на Комората за 2019 година

По однос на оваа точка, претседателот на Собранието, д-р Манасиев ги информираше присутните дека предлог-финансискиот извештај за работата на Комората за 2019 година е едногласно усвоен од Надзорниот одбор на СКМ, а од страна на Извршниот одбор е усвоен со 14 гласа ЗА и 1 глас воздржан. Исто така информираше и дека членовите на Извршниот одбор го имаат ополномоштено претседателот на СКМ, д-р Денковски за да го образложи финансискиот извештај за 2019 година.
По однос на ова д-р Рендевски зеде збор и истакна дека на седницата на Собранието која била одржана на 08.04.2019 година побарал увид во Договорот направен со КИБС преку кои Комората беше посредник за поевтино набавување на токени, на што добил одговор дека Договорот е со важност до 30.06.2019 год и дека ќе се направи пресек кога ќе заврши договорот по што ќе бидат прикажани сумите. Во овој случај, д-р Рендевски посочува на тоа дека во предлог- финансискиот извештај нема ставка за КИБС.
По однос на искажаното од старана на д-р Рендевски, збор зеде претседателот на Комората, д-р Денковски кој информираше дека во 2017 година се започнати преговори со фирми кои нудат дигитални сертификати – токени и на седница на Извршниот одбор е донесена одлука фирмата преку која ќе се набавуваат токените да биде КИБС и донесена е одлука со формирање на цена која ќе биде прифатлива за докторите без разлика која цена ќе ја понудат КИБС затоа што во Договорот има клаузула во која стои дека зависно од бројот на докторите кои ќе се пријават преку Комора да подигнат токен толку токени и ќе бидат платени на КИБС. Д-р Денковски истакна дека затоа што е плаќано на рати и зависно од понудените пакети не можеше да се даде точна сума и затоа не се внесувани ставки во приходи и расходи за 2019 година за нешто што се одвива тековно во три години. Исто така информираше и дека Договорот е веќе завршен и дека повеќе нема можност за набавување на токен преку Комората и истакна дека Комората со одлука на Извршниот одбор дала субвенција, односно платила повеќе од она што го имаат платено докторите за тие дигитални сертификати – токени и укажа дека секој може да направи увид во документација за текот на одвивањето на договорот со КИБС, па и Др Рендевски.
По изнесеното од страна на д-р Денковски, д-р Рендевски реплицираше дека во извештајот мора да стои ставка со приходи за КИБС затоа што тие пари биле уплаќани на сметка на Комората.
По однос на оваа точка, прашања постави и д-р Чесноски во однос на состојбата на сметката на Комората, односно со колку средства располагала Комората во 2019 и со колку располага сега? И по колку средства се одвојуваат за Фондот за солидарна помош и колку пари има во фондот?
На овие прашања одговор даде претседателот на Комората, д-р Денковски кои информираше дека 2014 имало 800.000 денари , 2018 16,500.000,00 денари а моментално на основната сметката има околу 20.000.000,00 денари,а на наменската сметка за солидарниот фонд има околу 90.000,00 денари.
По завршената дискусија за оваа точка,претседателот на Собранието, д-р Манасиев извести дека согласно член 22 став 4 од Статутот на Комората и член 27 став 1 од Деловникот за работа на Собранието на СКМ, финансискиот извештај за работата на Комората за 2019 година мора да биде изгласан со 2/3 мнозинство. Со оглед на ситуацијата што одредени делегати на Собранието кои го најавија своето отсуство не се на состанокот и тоа д-р Спасенија Ѓорѓиевска, д-р Снежана Стојмановска, д-р Горан Мишевски и д-р Катерина Стаменковска, тие по електронски пат имаа доставено поддршка за позитивно усвојување на финансискиот извештај.
По оваа информација, претседателот на Собранието на СКМ, д-р Манасиев го стави на гласање предлог-финансискиот извештај за работата на Комората за 2019 година.

Финансискиот извештај за работата на Комората за 2019 година беше усвоен со 39 гласа ЗА, 4 гласа ПРОТИВ и 4 гласа ВОЗДРЖАНИ.

3. Разгледување и усвојување на предлог-финансиски план за 2020 година

По однос на оваа точка, претседателот на Собранието на СКМ, д-р Манасиев ги информираше присутните дека овој предлог-финансиски план е едногласно усвоен од страна на Комисијата за економски прашања на СКМ и едногласно усвоен од страна на Извршниот одбор на СКМ.

Како и за претходната точка, Извршниот одбор на СКМ го 'ополномошти претседателот на Комората, д-р Денковски кој се произнесе и информираше дека во предлог-финансискиот план за 2020 година на продолжението од последната седница на Извршниот одбор е додадена уште една ставка, односно Фонд за Ковид-19 на кој ќе бидат префрлени 1.000.000,00 денари, средства за набавка на материјали и опрема за помош на докторите и здравствените установи.

Во однос на планираните приходите од членарина, д-р Чесноски со предлог поради ситуацијата со Корона вирусот, оваа година сите доктори да бидат ослободени од плаќање членарина и ставката за предвидени приходи од членарина да биде 0 денари.

Д-р Генчовска со барање во име на сите стоматолози кои се вработени во приватни ординации, но не се сопственици на истите, Комората од Фондот за солидарна помош да одвои средства и да им помогне, односно од 9.000,00 денари што земаат плата, остатокот до 14.500,00 денари да го покрие Комората.

Д-р Павлески со поддршка на предлогот од д-р Чесноски во однос на планираните приходи од членарина.

Д-р Бајрактарова- Мишевска со прашање до претседателот на Комората, зошто во финансискиот план за 2020 година не се предвидени повратот на средства во регионалните одбори за кои имаат донесено одлука, на кое д-р Денковски одговори дека има голем број на доктори , односно и над 1000 кои немаат платено членарини за повеќе од две години не сметајќи ја 2020 година,па кога ќе се намали нивниот број и кога ќе се уплатат поголем број на членарини тогаш ќе ги добијат повратните средства а сите претседатели на РО треба да се погрижат да се плаќа членарина зошто оние без латена членарина иако се со активна лиценца реално е дека не се членови на Комората.

Д-р Ламески со прашање, дали ќе може да им се помогне и на оние доктори кои се замена на докторите сопственици на ординации кои се на специјализација?

Д-р Богеска со предлог, од средствата од Фондот за Ковид -19 да се набават материјали и заштитна опрема за сите доктори.

Во однос на предлозите од д-р Генчовска, д-р Ламески и д-р Богеска, д-р Денковски се надоврза на Др Манасиев кој од нив побара да достават дописи до Собранието кои ќе се проследат до Комисијата за взаемна помош каде же се разгледаат сите барања.

Во однос на бодовите од КСУ, д-р Бајрактарова Мишевска предложи за 2020 година на докторите кои се финансиски погодени од кризата да не им се бараат сертификати. На овој предлог д-р Денковски одговори дека смета дека и за оваа година за континуирано усовршување може како и досега само еден сертификат за континуираноста затоа што ни до сега ни од сега не се барало поинаку, а комората ќе бара начини КСУ да е подостапно и за што помали средства да им овозможи на членовите да дојдат до минимално еден сертигикат со што ќе им се помогне на докторите.Тој на кратко ги информира делегатите за сите досегашни активности поврзани со Комисија за стручни и околу КСУ 2020 .По ова Др Бајрактарова Мишевска појасни дека таа апсолутно не бара измени на Правилник него наоѓање на решение да се помогне на колегите а не да нема настани и да не се собираат бодови по што Др Денковски најви дека можеби тоа ако треба ќе се реши со К4 конгресот за кое треба дополнително да се разговара.

Во однос на барањето од д-р Чесноски, д-р Денковски објасни дека согласно Статутот на СКМ и Деловникот за работа на Собранието на СКМ, тие не се надлежни да донесат таква одлука бидејќи тоа е определено со ЗЗЗ и Правилник на кој согласност дава министер за здрвавство.

По дискусија во која учествуваaa повеќе делегати д-р Денковски го повтори истиот предлог кој го прифатија членовите на Извршниот одбор и тоа, членовите на Собранието да донесат одлука за членарината додека се опфатени месеците на неработење да не се наплатува воопшто, односно докторите на стоматологија-членови на Стоматолошката Комора на Македонија, поради настаната ситуација во врска со пандемијата со Covid-19, да се ослободуваат од плаќање на членарина за месеците април и мај,а оние доктори кои се вклучени во процесот на дежурство и кои работат во овој период да се исклучат комплетно од плаќање на членарина за 2020 година.

Претседателот на Собранието, д-р Манасиев го стави овој предлог на гласање.

Членовите на Собранието на СКМ, со 33 гласа ЗА и 8 гласа воздржани донесоа Одлука дека членарината додека се опфатени месеците на неработење да не се наплатува воопшто, односно докторите на стоматологија-членови на Стоматолошката Комора на Македонија, поради настаната ситуација во врска со пандемијата со Covid-19, да се ослободуваат од плаќање на членарина за месеците април и мај, а оние доктори кои се вклучени во процесот на дежурство и кои работат во овој период да се исклучат комплетно од плаќање на членарина за 2020 година.

Претседателот на Собранието, д-р Манасиев го стави на гласање и предлог-финансискиот план за 2020 година.

Членовите на Собранието со 36 гласа ЗА, 4 гласа ПРОТИВ и 5 гласа ВОЗДРЖАНИ, согласно член 22 став 4 од Статутот на Комората и член 27 став 1 од Деловникот за работа на Собранието на СКМ, со 2/3 мнозинство го изгласаа финансискиот план за 2020 година.

4. Одговори на прашања на делегати на Собрание на СКМ до Претседателот на Комората, Претседателот на Собранието на Комората и Претседателот на ИО на Комората

По однос на оваа точка, претседателот на Собранието, д-р Манасиев информираше дека е доставено писмо од страна на д-р Чесноски на кое нема да биде одговорено со образложение дека не е наведено во писмото до кого е адресирано.
По ова, збор зеде д-р Чесноски кој истакна дека писмото било наменето за претседателот на Комората, д-р Денковски.
По однос на оваа точка, збор зеде д-р Чемерска Попова која даде неколку предлози и тоа:

-Комората да побара од Министерството за здравство, поточно од епидемиолозите конкретен протокол за постапување при прием на пациентите во ординацијата, кој ќе треба да го почитуваме и кој ќе треба да не направи позаштитени и посигурни дека правилно постапуваме во вакви специфични услови. Воедно, новиот пристап во однос на стерилизација, дезинфекција и заштита ќе чини многу повеќе од досега, така што смета дека Комората треба да направи анализа во однос на цената на чинење на стоматолошката услуга и на чиј терет ќе биде зголемениот трошок за заштита.

Дали ќе биде пресметан за секое седнување на пациент на столот, како посебна ставка?

Дали ќе се пресмета во вкупната цена на стоматолошката услуга?

Дали ќе треба да се ревидира партиципацијата на услугите со ФЗО?

.-Промената на цените на услугите, заради промената на условите под кои ќе работат, со цел да се опстане и да можат да ја евалуираат и ефектуираат работата, стресот, ризикот, инвестицијата, знаењето и трудот во текот на животот.

-Ревитализацијата на стоматолошките ординации со искористување на мерките кои ги нуди Владата на РСМ, и нивно максимално искористување, со постирање на страната на Стоматолошка Комора.

Д-р Богеска со прашања до претседателот на СКМ , д-р Денковски и тоа:

1.Зошто до ден денеска не ни е одговорено на прашањата кои беа доставени од Р.О Прилеп, поврзани со претходната завршна сметка?

-На ова прашање д-р Денковски одговори дека дописот и бил испратен на 29.04.2019 год со дополнителни информациии сепак ја упати првин со другите членови на РО да го почитуваат Статутот на СКМ и да знаат што е надлежност и обврска на РО а не да се поставуваат со свои барања ( наведени во дописот и 2019 и сега) над органите и телата зошто ниту се Надзорен одбор ниту финасова полиција и сл. Др Денковски порача на Др Богеска да престане со активностите во Комората како да и се хоби зошто сите нејзини активностои се спротивни на нејзините обврски во Комората.

2..Дали Комората е запознаена со референтните цени на стоматолошките услуги во примарна стоматологија, кој согласно член 54 став 8 од Законот за здравствено осигурување ги изготвува ФЗО, а одобрение дава министерот за здравство?

-На ова прашање д-р Денковски одговори позитивно.

3.Дали претседателот на Комора е запознае по кои критериуми ФЗО ги одредува овие референтни цени ?

-На ова прашање д-р Денковски одговори позитивно.

4.Дали председателот на Комората и надлежните комисии на Комората имаат изготвено критериуми за формирање на реални пазарни цени на стоматолошките услуги?

-На ова прашање претседателот одговори дека не се изготвени затоа што се чека одлука од Вишиот Управен суд и тоа ќе е можно дури ако судот дозволи.

5.Дали претседателот на Комората ќе го смени претседателот на прв степен на суд на честа, обвинтелот на комората, целиот состав на првостепен совет итн. зошто ја стопирал постапката против

Др Денковски на Др Богеска одговори дека постапката не е стопирана туку дури има и допонување на материјалите за обвиненето и по поминување на состојбата со Ковид ќе продолжи , но и дека за жал Др Богеска повторно пак покажува непознавање на Статут и Деловници и акто на комора кога бара претседател на Комора за менува нешто за кое не е надлежен и нема ингеренцијаи ја упати Др Богеска да ги повторно прочита актите да ги научи за да може да нема вакви прашања.

Д-р Петреска со прашања до претседателот на СКМ , д-р Денковски и тоа:

1. Кога ќе се започне со работа и дали Комората ќе обезбеди средства за протокол?
- На ова прашање д-р Денковски одговори дека е изготвено барање и го образложибарањето со факти од терен наведувајќи примери и од општини со број на заразени и во кое стои отворање на здравствени установи кои се во мрежа најрано на 11 мај најдоцна на 18 мај, истото ќе биде доставено до Министерството за здравство и до Комисијата за заразни болести. Во однос на средствата за протокол, со денешната одлука за отворање на Фонд за Ковид-19, Извршниот одбор и Кризната група ќе одлучат дали средствата од фондот ќе бидат доволни или ќе треба повеќе за помош, но секако дека на некој начин ќе се помогне.
2. Дали раководството на Комората е запознаено со барање на Сертификат за безбедност при работа кој е полн со нелогичности и е прилично скап?

- На ова прашање д-р Денковски одговори дека тој сертификат е од 2012 година и дека има измени по однос на ова да се достави нешто повеќе информација и да може комората да превземе нешто.
- Понатаму имаше дискусија дали треба сите доктори стоматолози да се тестираат на КОВИД 19, дали протоколите ќе се доволни итн.

  5.Разно

  По однос на оваа точка, збор зеде д-р Рендевски кој изнесе прашање до д-р Стојановски што се случило со барањето за финансиска помош на докторите кои работат приватно без договор со ФЗО за кое разговарале и собирале податоци на facebook група ПЗУ Ковид – 19 и зошто се уште немаат одговор?
- На ова прашање д-р Стојановски одговори дека не се знае точната бројка на такви ординации и колку доктори се вработени во ординации кои немаат договор со ФЗО и дека тоа барање е доставено до Министерството за здравство и до Владата на РСМ, но со оглед на тоа дека јавно е кажано во која група на помош спаѓаат тие не е доставен одговор до групата.

По завршување на исцрпниот дневен ред и многубројните дискусии, д-р Манасиев со предлог по примерот од Извршниот одбор, средствата кои треба да се уплатат како дневници за ова Собрание да бидат наменети за Фонд за Ковид-19.
Предлогот на д-р Манасиев беше усвоен со 37 гласа ЗА и 3 гласа ВОЗДРЖАНИ.

Собрание на Стоматолошка комора на Македонија
Претседател

Записничар врз основа на снимка на ZOOM архивирана во СКМ
Ивана Велјановски

Д-р Оливер Манасиев

М.П

Стоматолошка комора на Македонија